РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/5

Бр./Nr 12-896/6
11-09-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 06.02.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 38-та седница одржано на 10.09.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител, на ден 06.02.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-896/1 од 06.02.2020 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости при спроведување на јавен оглас за вработување на четири дипломирани социјални работници во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи ------------------, распишан под број 1/2020 од 03.01.2020 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-896/1 од 06.02.2020 година, поради непотврденост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-896/1 од 06.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-896/1 од 06.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости при спроведување на јавен оглас за вработување на четири дипломирани социјални работници во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи --------------, распишан под број 1/2020 од 03.01.2020, објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха. Согласно наводите во пријавата, комисијата за селекција за вработување е оформена

во состав спротивно на член 212 од Законот за социјалната заштита, односно во комисијата е назначено лице кое воопшто не е давател на јавни услуги и е со понизок степен на образование од потребното и било вработено еден ден пред објавувањето на огласот. Исто така, се наведува дека комисијата преку начинот на бодување фаворизирала партиски кандидати за вработување.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет побара од ЈУМЦСР ------------------ да достави целосна информација со прилог документација во однос на јавниот оглас за вработување на четири дипломирани социјални работници, распишан под број 1/2020 од 03.01.2020, објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха. Исто така, Државната комисија побара од Министерството за труд и социјална политика согласно законските надлежности да изврши вонреден инспекциски надзор над спроведувањето на предметниот јавен оглас.

Од доставената документација врз основа на овие барања, се констатира дека во врска со предметниот јавен оглас Државниот инспекторат за труд подрачје -------------------- има извршено вонреден инспекциски надзор на ден 16.03.2020 година и за констатираната состојба има составено записник бр.09-77 од 16.03.2020 година. Надлежниот инспекторат вонредниот инспекциски надзор го извршил врз основа на претставка поднесена од кандидат за вработување по јавниот оглас која ги содржи истите наводи како и пријавата поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата по која е оформен овој предмет. Во записникот од извршениот надзор, покрај описот на фактичката состојба и преземените активности од страна на работодавачот и комисијата за селекција на кандидати за вработување, инспекторот утврдил дека работодавачот при избор на кандидатите по јавниот оглас постапил согласно закон. Со оглед на тоа што не се констатирани недостатоци постапката е запрена по член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Исто така, од доставената документација видно е дека до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од кандидат за вработување по јавниот оглас вложена е жалба со идентични наводи како горенаведените. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 06.02.2020 година донела Решение РО бр.0904-61 со кое ја одбива жалбата како неоснована и констатира дека првостепениот орган постапил во рамки на ингеренциите и овластувањата кои му се утврдени со закон, правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право. Во решението се наведува дека побиваната одлука е донесена во законски спроведена постапка, во која биле избрани прворангираните 4 (четири) кандидати, кои во целост ги исполниле условите предвидени во јавниот оглас.

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата се непотврдени, односно не се констатирани незаконитости во постапката кои може да укажуваат на корутивно однесување, поради што оцени дека

истата не содржи елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk